**На сцената на Народниот театар во Битола вечерва (28 декември) со почеток во 20 часот ќе биде прикажан музичкиот проект насловен „Квинтет фрагмент“ или Новогодишна џез-бајка, со што ќе биде означен крајот на театарската сезона за оваа година...**




За публиката ќе бидат изведени некои од најубавите новогодишни џез композиции кои ги пееле Дин Мартин, Френк Синатра, во аранжман на Давор Нечак. Вокал е Јасна Мажевска, а настапуваат Давор Нечак, Дарко Бошков, Стефан Тасевски, Марјан Павловски. Специјални гости се: Маја Андоновска Илијевски и Даниела Радевска (на виолончело). Влезниците се пуштени во продажба по цена од 150 денари.